Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 9, 2 јули 2008 година

јули 2008
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент на Педагошкиот Факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент по предметите Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот (Оддел за предучилишно воспитание и образование) и Методика на работа со надарени деца (Оддел за предучилишно воспитание и образование и Оддел за одделенска настава) на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент по предмети од областа *наоѓалишта на минерални суровини* на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за наставно-уметничката област *вокално пеење* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 30

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Дигитална логика” од доц. д-р Цвета Мартиновска ........ 33

34

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНО-УМЕТНИЧКАТА ОБЛАСТ ВОКАЛНО ПЕЕЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Согласно со точка 3 и 4 од Одлуката за формирање на Рецензентска комисија, број 0210-93/28 од 27 мај 2008 година, а во врска со Конкурсот за избор на наставник во насловно звање за наставно-уметничката област *вокално пеење* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија го дава следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатот **м-р Борис Трајанов** е еден од најпознатите и најистакнатите уметници во македонската култура. Високо ценејќи ја неговата евидентно успешна 22-годишна интернационална кариера, накусо ќе ја поткрепиме нашата теза со неговата кратка биографија, базирана врз неговата оперска дејност кај нас и во светот.

Борис Трајанов е роден во 1959 година во Љубљана. Студира пеење со неговиот татко Гога Трајанов во Скопје, Бисерка Цвејиќ во Белград и со Пиер Миранда Фераро во Милано. Дипломира *Соло пеење* на *ФМУ* - Скопје, во класата на проф. Благоја Николовски, а магистрира на ФМУ - Белград во класата на Бисерка Цвејиќ. Покрај музичките студии, м-р Борис Трајанов дипломира на Математичкиот факултет во Нови Сад.

За неговиот настап во Тоска, во водечкиот италијански оперен магазин „Л’Опера“ (февруари 2002) критиката има напишано:

*„Борис Трајанов е Скарпија пред кој треба да се падне не колена. Неговиот драматуршки ефектен прв настап е до таа мера дијаболичен, што на публиката ѝ го одзема здивот. Замислен и остварен со една суптилна, перфидна злоба, со една постојана цинична насмевка, но и со потребната бруталност и обдарен со својот идеален јадровит баритон, нè остава стаписани. Во поглед на гласот, како и според интерпретацијата, тој е едноставно среќен случај за претставата“.*

Добитник е на повеќе награди на интернационални натпревари.

Кандидатот беше член на Македонската опера и првенец на Белградската опера и на Државниот театар во Карлсрие - Германија. Од 1996 година, со оглед на неговата интернационална кариера, Борис Трајанов го добива статусот на слободен уметник. Во тек на 20-годишното настапување на оперската сцена има гостувано во многу европски земји и на други континенти, како на пр.: САД, Франција, Германија, Италија, Австрија, Швајцарија, Бугарија, Холандија, Норвешка, Велика Британија, Луксембург, Бразил, Јужна Африка; во над 90 оперски куќи, како: Виена, Рим, Фиренца, Болоња, Трст, Палермо, Парма, Хамбург, Франкфурд, Бон, Штудгарт, Келн, Дизелдорф, Единбург, Глазгов, Базел, Осло, Ротердам, Сао Паоло, Гибралтар, Кејп Таун, Москва, Пацифик, Опера Калифорнија, Сеул, Марсеј, Опера Монако и др.

Во новиот милениум настапува претежно во „земјата на операта“ - Италија, каде што од 2000 година до сега настапува во околу 20 продукции (серии на претстави) во оперски куќи, како што се: Рим, Болоња, Палермо, Парма, Бари, Модена, но исто така настапува и на сцените во Хамбург, Франкфурт, Виена, Грац, Марсеј, Пацифик опера во САД, Израелската опера, Операта Монте Карло, Опера Сеул и други.

Има испеано над 45 главни улоги, како: Набуко, Риголето, Макбет, Атила Сицилијански вечери, Аида, Травијата, Трубадур, Бал под маски, Дон Карло, Отело, Моќ на судбината, Андреа Шение, Федора, Тоска, Девојката од Западот, Мадам Батерфлај, Лучија од Ламермур, Марија Стјуард, Кармен, Кавалерија Рустикана, Крал Артур, Пикова дама / Јељетцки, Рајнско злато / Донер, Дапертуто, Линдорф, Д-р Миракл, Копелиус во Хофманови приказни, Дон Жуан и др.

Настапува во над 700 оперски претстави со диригентите: Марчело Виоти, Маурицио Арена, Даниел Орен, Волфганг Савалиш, Јуџин Кон, Мишел Пласон и др., со пејачите: Катја Ричарели, Рајна Кабаиванска, Даниела Деси, Бруна Баљони, Луис Лима, Петер Сајферт, Винченцо ла Скола, Никола Мартинучи, Кристијан Јохансон, Ландо Бартолини, Алберто Купидо и др.

Претставите во кои настапува се пренесувани на повеќе телевизиски и радио станици, како: „Тоска“ на приватната корејска телевизија *Ариранг* и *Корејската национална телевизија*, потоа „Пикова дама“ на британската *BBC3,* „Кармен“ со хамбуршките филхармоничари на *НДР (Норт Дојче Рундфунк),* „Кармен“ со Театро муниципал - Сао Паоло на бразилската телевизија *Култура+*, „Волшебниот стрелец“ во Театро комунале - Фиренца на *Италијанското радио* и *РАИ 3*, телевизиски пренос на „Кармен“ од Ојтинер Фестспиеле и радио-пренос од „Атила“ во Бремен на германската *НРД*, Атила Фестшпиле Лудвигсбург СВР (Суд Вест Рудфунк), „Кармен“на *ХРТ1*- Хрватска, „Тоска“ на *РАИ1* и многу други.

Во 1995 година со Катлин Касело снима двојно ЦД со оперски арии и дуети. Исто така, во 2003 година е запишана неговата креација на Скарпија на ДВД-то од прошталната претстава на „Тоска“ на Рајна Кабајванска во Театро Реџо - Парма.

Во декември 2004 година во Грац ја добива наградата „Оперски Оскар“ за најдобар машки оперски уметник во таа сезона. Во февруари 2005 година ја добива амбасадорската титула на УНЕСКО - „Уметник на мирот“ за *„неговата извонредна кариера како реномиран оперски пејач и за неговото залагање за промоција на хуманите вредности... “.* Тој е еден од четирите солисти кои на 16.11.2005 година настапија на гала-концертот во Париз, со кој се одбележаа 60-те години од УНЕСКО. Кон крајот на ноември и почетокот на декември 2007 година настапува како солист на гала-концертите на УНЕСКО „Melody for Peace” во Париз (сала на Генералното собрание на УНЕСКО) и Њујорк (Линхолн Центар/Авери Фишер Хол).

Оперскиот уметник Борис Трајанов е активен и како концертен уметник.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Ценејќи ги искуствата здобиени со долгогодишната интернационална кариера на м-р Борис Трајанов, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, кандидатот **м-р Борис Трајанов** да го избере на работно место **наставник со насловно звање вонреден професор** за наставно-уметничката област вокално пеење.

**Рецензентска комисија**

**Проф. Милка Ефтимова, с.р.**

**Проф. Бисерка Цвејиќ, с.р.**

**Проф. Илија Пејовски, с.р.**